Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-1537/7 од 26.02.2021 год.**
**( врска бр. 13-428 од 2020 год.)**

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година за изработка на Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.01-Блок 1 и Блок 2, Градоначалникот на Општина Кисела Вода го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета**
**за Предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.01-Блок 1 и Блок 2, Општина Кисела Вода**

**Време и место на одржување на јавна анкета**

Јавната анкета по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.01-Блок 1 и Блок 2, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

**ЈАВНАТА АНКЕТА ЌЕ ТРАЕ ПОЧНУВАЈКИ ОД 05.03.2021 ДО 19.03.2021 ГОДИНА**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Вода (барака 6),секој работен ден од 08:30-16:00 часот, како и преку информацискиот систем e-urbanizam.

**Време и место на одржување на јавна презентација**

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **12.03.2021 (петок)**, во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, со почеток во **10:00** часот.

**Местоположба и површина на опфатот на планот**

Опфатот е со површина од 9,70 ха.

Планскиот опфат по осовини на сообраќајници е:
-на **север и исток** границата на плански опфат се движи по оската на ул.„Рилски Конгрес",
-на **југ** границата на плански опфат се движи по оските на пешачките улици ул. „5", и ул. „4", скршнува кон север по оската на ул. „Зеленгора", и се движи кон запад по оската на истоимената ул.„Зеленгора"
- на **запад** границата на плански опфат се движи по оската на ул. „Полог" и продолжува по оската на пешачката патека „2", се до пресекот со оската на ул.„Банско" како северозападна граница и продолжува по оската на ул. „Црниче" се до пресекот на оската на ул.„Рилски Конгрес".

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски